# Ветерници Штип

**Земја:** СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**Број на проект:** 56032
**Деловен сектор:** Производство на електрична енергија од ветер
**Вид на инвестиција:** ПРИВАТЕН СЕКТОР
**Еколошка категорија:** Првични еколошко и социјално испитувања
**Планиран датум на одобрување:** 29 април 2026
**Статус:** Се разгледува можноста за финансирање
**Објава на Резиме на проектот на англиски јазик:**

## Опис на проектот:

Проектот опфаќа обезбедување на долгорочен кредит, без обезбедување, во корист на ШТП Винд (STP WIND D.o.o.e.l.) (Заемопримач, или Компанијата), проектна компанија основана во Северна Македонија. Кредитот ќе биде наменет за изградба и работење на 131 MW ветрена централа во Штипскиот регион (Проектот). Проектот е првата фаза од поголем развоен ветерен проект, со вкупен планиран капацитет од 396 MW.

## Цели на проектот:

Проектот ќе придонесе за ублажување на климатските промени со додавање на 131 MW генериран капацитет од ветер на националниот енергетски систем на Северна Македонија. Ова ја поддржува посветеноста на земјата да престане со искористување на јагленот до 2030 година, и да го зголеми уделот во на обновлива енергија во енергетскиот микс. Проектот го зајакнува и учеството на приватниот сектор на обновлива енергија во Северна Македонија и ја унапредува на инклузивната транзиција, преку воспоставување на нова иницијативи за обука за зелените вештини, која е развиена заедно со Заемопримачот. Оваа програма ќе биде наменета за населението од Општина Штип и поширокиот источен регион, поддржувајќи го развојот на локалната работна сила, и придонесувајќи кон пошироките цели на праведната транзиција.

## Влијание врз транзицијата

ETI резултат: 71

Проектот е насочен кон квалитетите на влијанијата од зелената транзиција, преку поддршка на изградбата на ветерна централа со вкупно инсталиран капацитет од 131 MW, придонесувајќи со заштеди на емисиите на јаглероден диоксид, во приближна количина од 244.000 тони на годишно ниво. Проектот, исто така, допринесува со инклузивно транзициско влијание преку иницијативата за нови вештини, кои ќе бидат насочени кон локалните заедници и ќе ја поддржат праведната транзиција во Северна Македонија.

## Информации за клиентот
ШТП ВИНД ДООЕЛ

ШТП ВИНД Д.о.о.ел е компанија со ограничена одговорност во Северна Македонија, основана за единствена цел на изградба и работење на штипската ветерна централа. Компанијата е во целосна сопственост на Алказар Енерџи Партнерс 2 СЛП (Alcazar Energy Partners II SLP), искусен инфраструктурен фонд специјализиран за обновлива енергија.

## Резиме на финансирањето од ЕБРД

## Вкупна вредност на Проектот

## Додадена вредност
Финансиска структура и ублажување на ризикот. ЕБОР обезбедува долгорочно финансирање кое не е достапно од комерцијални извори, со што овозможува финансирање на голем проект за обновила енергија со продолжен рок на доспевање. Вклученоста на ЕБОР ги ублажува ризиците поврзани со земјата, како и регулаторните и политичките ризици. Проектот поддржува повисоки стандарди во управувањето со животната средина и социјалните аспекти. Додадената вредност произлегува и од инклузивниот аспект, преку воспоставување на нова иницијатива за обука за зелени вештини.

## Еколошко и социјално резиме

А Категорија (2024 ЕСП). По завршување на трите фази, проектот ќе се состои од 396MW копнена ветерна фарма (до 54 турбини; 6-8MW секоја) со 35/400kV трафостаница, ~80км од 35kV  подземни кабли и ~68км на внатрешни пристапни патишта и ~7км 400kV надземен далновод (НД) за поврзување со националната мрежа. Ветерната централа се развива во фази, во рамки на Границите на урбанистичкиот план, на воглавно рурален, ридест пејзаж во општините Штип и Радовиш (со мал дел во Крабинци).

Заемопримачот изврши Проценка на животната средина и социјалните влијанија (ПЕСВ) во согласност со Еколошките и социјалните правила од 2024 година, вклучувајќи ги следниве поврзани документи: Не-техничко резиме (НТР; Non-
Technical Summary-NTS), План за вклучување на засегнати страни (ПВЗС; Stakeholder Engagement Plan-SEP), План за обновување на егзистенцијата (ПОЕ; Livelihood Restoration Plan-LRP); (Рамка за) Еколошки и социјален менаџмент и мониторинг план (ЕСММП; Environmental and Social Management and Monitoring Plan (Framework) -ESMMP(F)); Менаџмент план за биодиверзитет (МПБ; Biodiversity Management Plan-BMP), и Еколошки и социјален акционен план (ЕСАП; Environmental and Social Action Plan -ESAP). Пакетот на документи ќе биде достапен на јавен увид на 27 февруари 2026

година, на македонски и англиски јазик, на веб страните на Заемопримачот и ЕБОР, најмалку 60 дена пред да биде разгледан од страна на Бордот (категоризација - приватен сектор Категорија А).
За време на периодот кога документите ќе бидат достапни на јавен увид, Заемопримачот ќе имплементира ПВЗС (јавни состаноци и планиран ангажман), ќе назначи/ќе го задржи истиот Службеник за комуникација со јавноста, како и ПОЕ, со активни механизми за жалба, и ќе издаде Извештај за објава на јавни консултации, со резиме на прашања и одговори. Во овој период ќе продолжи и таргетирана теренска комуникација (со поставување на постери и проверка на парцели) за да им се потврди на неформалните/ сезонските корисници, компензацијата пред да се пристапи на земјиштето.

Проценката за еколошките и социјалните аспекти на Банката (ПЕСА; Environmental and social due diligence - ESDD) се врши со поддршка од независен консултант, и ќе се одвива тековно за време на периодот кога документацијата ќе биде на увид, вклучувајќи ги сите дополнувања на Еколошките и социјалните проценки на влијанијата, и финализирање на Еколошкиот и социјалниот акционен план. ЕСАП ќе биде договорен со Заемопримачот и истиот ќе биде објавен. Ова Резиме на проектот ќе биде ажурирано, пред да биде разгледано од Бордот, доколку за истото постои потреба.

Избирање на локацијата и распоредот е направено согласно еколошките и социјалните ограничувања, и постоечките корисници на земјата, со цел да се минимализира загубата на шуми/степи, намалување на влијанието на чувствителната фауна, користење на постоечките коридори за внатрешните патишта, онаму каде што е изводливо, и ќе се насочи кон трајно превземање на земјиштето. Проектот е во фази (Stipi1i3) и овозможува прилагодливо управување и мерки за прогресивно усовршување.

Областа околу Проектот содржи критичен хабитат, на источни шуми на бел даб (Анекс 1 приоритетен хабитат), пет критични хабитати на лилјаци, и два критични хабитати на рептили, како и приоритетни карактеристики на биодиверзитетот, вклучувајќи ја планиската степа (Hellenoi Balkanic Satureja) и 80 приоритетни карактеристики на биодиверзитетот ( видови на птици, лилјаци, рептили и водоземци).

Клучните ризици вклучуваат перманентни и привремени загуби на хабитати/ фрагментација, уништување на гнезда за време на изградбата, и оперативен ризик на судирања на птици и лилјаци.

Менаџмент планот за биодиверзитетот вклучува детални контроли во фазата на изградба (еко-логистичко расчистување на вегетацијата со супервизија, строга демаркација на локацијата, предградежни проверки за гнезда/зимувалишта, протоколи за реалокација на фауната, инвазивните видови, контроли, ограничувања на осветлувањето и времето на дејствување) и инсталирање на пренасочувач за птици над далноводот, согласно познатите добри пракси.

Точните мерки и прилагодливиот менаџмент за управување со биодиверзитетот за време на работењето, ќе биде понатаму прецизиран. Проектот се обврза на управување на елисите како мерка за намалување судари на лилјаци
. Во однос на критичните хабитати, Проектот останува посветен на нето подобрување на критичниот хабитат за шумите и без нето загуби за карактеристиките за приоритетниот биодиверзитет, кој ќе биде имплементиран преку Акцискиот план за биодиверзитетот и Менаџмент план за биодиверзитетот, креирани за време на изградбата и информиран за ажурираните резултати на истражувањето, за време на изградбата. За време на Еколошката и социјалната проценка, Банката идентификува елементи на биодиверзитет, кои треба понатаму да се подобрат (ажурирање на проценката на критичен хабитат, кванитифицирани преостанати влијанија, сигнализација за лилјаци согласно европските стандарди на надгледување на лилјаци, и дефинирање на оперативните контроли, кои вклучуваат селективни ограничувања/ исклучување по потреба/на барање) кои ќе бидат разработени преку Еколошкиот и социјалниот акциски план и ќе бидат финализирани пред изградбата /работењето.

Во однос на останатите еколошки аспекти, изградбата ќе генерира привремена прашина, бучава, вибрации и ерозија/ ризици од земјени работи и надградба на патиштата, кои ќе бидат управувани преку стандардни контроли и прогресивно повторно ангажирање, согласно Еколошкиот и социјалниот менаџмент и мониторинг план. Активностите на работите на терен се очекува да имаат ниски емисии, а бучавата од турбините е предвидено да остане под применливите лимити. Ризикот од пожар се препознава како проценка на климатскиот ризик, и ќе биде менаџиран преку справување со вегетацијата и подготвеноста за ситуации на итни случаи.

Бучавата од турбините е предвидено да остане под применливите лимити
 Еколошкиот и социјален план за влијанија. Не се планира било какво физичко дислоцирање. Плановите за реставрација на хабитатите опфаќаат економско дислоцирање за приватните сопственици на земја/ оние кои ја користа под наем (формално) и корисниците на државното земјиште (вклучувајќи сезонски корисници), со мерки на ублажување базирани на целосна компензација на трошоците, транзициски надоместоци и петгодишно враќање на средствата за егзистенција.

Вкупната потреба од земјиште е ~3.04 метри квадратни (приближно 11% приватно / 89% државно). 400kV далновод влијае на 221,380 метри квадратни (2,934 метри квадратни постојани подлоги за кули; 218,447 метри квадратни 15 трајни парцели и 149 парцели со пристап). Користењето на површината на земјата (на пример, пасење, плитки култури, пчеларство) се очекува да продолжи и после градежните работи, во целата област каде што се реализира проектот, согласно безбедносните ограничувања.

Поддршката за време на објавата на Резимето на проектот и после тоа ќе се фокусира на продолжување на идентификувањето и ќе опфати неформални/сезонски корисници во рамки на Плантот за реставрација на хабитатите. За изградбата ќе биде потребна значителна работна сила, со

познавање со менџментот на градење каде што има поврзани ризици, сместување на работниците, сообраќајни и поголеми товари, како и безбедност за заедницата (вклучувајќи безбедност на децата во близина на градежните работи) ЕСАП ќе бара изведувачи согласно ЕСМС, Планот за управување со сообраќај, механзмите за жалби на работниците, локалниот план на вработување, како и мерки за спревување со родова еднаквост и злоставување, и код на однесување.

Управување со ризиците на заедницата за здравје и безбедност, за време на изградбата (сообрќај, прашина, бучава, вибрации) е објаснето во рамката за Еколошки и социјален менаџмент и мониторинг план (ЕСММП), паралелно со тековната супервизија и известувањето.

Познатите културни/ алхеолошки обележја и локалните културни/верски места на собирање, во близина на областа на проектот, ќе бидат опфатени во менаџирањето на пристапот и мерките за заштита. Процедурата која е специфично пропишана за овие обележја ќе биде имплементирана за време на работните активноти при ископување, со тампон зони и координација со релевантните власти за заштита на културното наследство, согласно потребите.

Ангажманот на сите инволвирани страни, до денес, опфати испитувања на домаќинствата/сопствениците преку интервјуа и фокус групи (за корисниците на земјоделците, одгледувачите на добиток и пчели, собирачите на билки, ловците, родово специфичните и сезонските корисници), како и консултации со властите. Клучните аспекти кои беа истакнати се сообраќајот и безбедноста на оптоварување со прекумерна големина, безбедноста на децата блиску до местото каде се извршуваат работите, недостаток на вода, пристап до културните/верските места на собирање, очекувањата за компензација и продолжување на пристап до неформалните корисници, како и пречките за учество на жените, постарите, малцинствата и групите со помали приходи. За време на објавата на резимето на проектот. Заемопримачот ќе имплементира План за ангажман на учесниците во проектот (ќе има средби со претставници од општините и таргетирани мали групи), ќе назначи/одржува обврски за контролор, согласно условите за кредитирање, ќе постави проектни механизми и рамка за реставрирање на хабитати, и ќе објави извештај од наодите за консултациите после објавувањето, каде се сумирани проблемите и одговорите на истите.

ЕСАП го структуира Проектот согласно ЕСП од 2024 година. Ќе биде ажуриран врз база на објавените одговори и ќе се договори пред потпишувањето, опфаќајќи последни информации за основата на биодиверзитетот и финализирање на изградбата и оперативната база на мерките за биодиверзитетот, кои треба да бидат имплементирани пред пуштање во употреба на ветерниците.

Банката ќе ангажира независен консултант за мониторинг на еколошката и социјалната имплементација, за време на изградбата, и во раната фаза на работењето. По завршувањето на Еколошката и социјална проценка и

договорот за ЕСАП, ќе се ажурира и Резимето на проектот, а линковите ќе се прикажат во Не-техничкото резиме

## Зелена проценка

**Усогласување со Парискиот договор**

Проектот е усогласен со целите за ублажување според Парискиот договор, бидејќи е усогласен и со заедничката договорена листа на мултилатерални развојни банки, под категоријата ,,генерирање на обновлива енергија од сонце, ветер, бранови, проточни реки, или геотермална енергија, со занемарлива емисија на стакленички гасови во животниот циклус.“ Проектот се смета за усогласен за имплементација, бидејќи климатските ризици не се материјални или не се решени преку мерки за ублажување. Голема е веројатноста дека Проектот нема да има влијание на климатската отпорност на пошироките системи каде што се имплементира.

**Атрибут на зелените финансии**

100% од финансирањето на ЕБОР се класифицира како зелено финансирање. Атрибуцијата е направена согласно методологијата која се користи за одредување на атрибуцијата на зелените финансии на инвестициите на ЕБОР.

## Техничка соработка и финансирање со грант

Техничката поддршка ќе биде обезбедена за инклузивни вештини на заедницата кон транзицискиот импакт, со финансиска поддршка преку Акција за еднаквост и родов мулти-донаторски фонд за соработка (Action for Equality and Gender Multi-Donor Cooperation Fund - A4EG), преку мулти донаторската сметка.

## Контакт информација за компанијата

Тим Шеахан
tsheahan@alcazarenergy.com
Канцеларија 702, ниво 7, Плоштад Парк хајтс, Дубаи хилс естејт, Дубаи, Обединети Арапски Емирати
(Office 702, Level 7, Park Heights Square 1, Dubai Hills Estate, Dubai, United Arab Emirates)

## Последно ажурирање на ДРП

## Резиме за имплементација

## Разбирање на транзицијата

Натамошни информации во врска со пристапот на ЕБОР кон влијанието врз транзицијата, може да се провери тука.

## Деловни можности

За бизнис можности или набавки, контактирајте ја компанијата клиент.
За бизнис можности со ЕБОР (кои не се поврзани со набавка) јавете сé на Тел.:+44 20 7338 7168

Електронска адреса: projectenquiries@ebrd.com

За проекти на Банката со државата,  проверете на Набавки на ЕБОР:
Тел.: +44 20 7338 6794
Електронска адреса: procurement@ebrd.com

# Општи прашања

За прашања околу проектите можете да не контактирате преку онлајн Образецот за прашања за ЕБОР.

# Еколошки и социјални политики (ЕСП)

ЕСП и релевантните Барања за работење (БР) ги воспоставуваат практиките преку кои ЕБОР ги имплементира обврските за промовирање на ,,еколошки стабилен и одржлив развој". ЕСП и БР вклучуваат специфични одредби за клиентите, кои треба да ги следат, заедно со применливите барања од локалните закони за јавно информирање и консултациите, како и воспоставување на механизми за жалба кои треба да ги добијат и да изнајдат решение за забелешките и поплаките на клиентите и засегнатите страни, особено за еколошкото и социјалното работење на клиентот и самиот проект. Пропорционално со природата и рамката на проектниот еколошки и социјален ризик и влијание, ЕБОР дополнително бара неговите клиенти да објават информации, согласно релевантните пракси, кои се поврзани со ризиците и влијанијата кои се појавуваат во проектите, да превземат разумни консултации со учесниците во проектот, и да ги разгледаат и да одговорат на поставените прашањата.

Повеќе информации за праксите на ЕБОР поврзани со оваа проблематика може да пронајдете тука.

# Интегритет и усогласеност

Канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност (КГСУ) на ЕБОР, промовира добро владеење и обезбедува услови за имплементирање на највисоките стандарди на интегритет за сите активности на Банката, согласно најдобрите меѓународни пракси. Проверката на интегритетот се врши на сите клиенти на Банката, со цел да се обезбедат услови, проектите да не претставуваат неприфатлив ризик за интегритетот или репутацијата на Банката. Банката верува дека идентификувањето и разрешувањето на проблемите во фазите на одобрување на проектот, се најефикасни средства за обезбедување на интегритетот на трансакциите на Банката. КГСУ игра клучна улога во овие заштитни напори, но помага и во проверување на ризиците поврзани со интегритетот на проектите во пост-инвестициската фаза.

КФСУ е одговорна и за испитување на обвинувањата за измама, корупција и лошо владение во проектите кои се финансирани од ЕБОР. Било кој во или вон

Банката, кој се сомнева дека има измама или корупција, треба да достави писмена забелешка до канцеларијата на Главниот службеник за усогласеност, на електронска адреса на compliance@ebrd.com. Сите работи кои ќе бидат пријавени, ќе бидат обработени од страна на КФСУ и ќе следи одговор. Сите пријави, вклучувајќи ги и анонимните, ќе бидат разгледани. Приговорите може да бидат поднесени на било кој јазик кој се користи во Банката или јазик каде Банката има свои канцеларии. Доставените информации мора да бидат за општа добра намера.

## Пристап до Политика на информации (ППИ)

ППИ пропишува како ЕБОР ги објавува информациите и се консултира со учесниците во проектот, со цел да промовира подобро спознавање и разбирање на стратегиите, политиките и проектите, следствено нивното стапување на сила од 1 јануари 2020 година. Ве молиме проверете на овој линк Пристап до политики за информирање , за да дознаете кои информации се достапни на веб страната на ЕБОР.

Посебни барања за информации може да се достават преку Формуларот за прашања за ЕБОР .

## Независен механизам на приговори за проектот (НМПП)

Доколку справувањето со забелешките на клиентите или Банката, околу еколошките, социјалните и јавните објави на информации не се успешни (на пример, преку механизмите на жалба на ниво на клиент - проект или преку директна интеракција со менаџментот на Банката), поединците и организациите може да бараат нивните забелешки да се разгледаат преку релевантниот независен механизм на приговор за проекти на ЕБОР, креирани за оваа намена.

НМПП на ЕБОР, независно ги разгледува аспектите на Проектот кои се верува дека предизвикале (или има веројатност дека ќе предизвикаат) штета. Целта на механизмот е да поддржи дијалог помеѓу учесниците во Проектот во разрешување на аспектите од еколошки, социјални и јавни објави на информации; да определи дали Банката ги испочитувала Еколошките и социјалните политики или одредбите кои се поврзани со проектот, во однос на Пристапот до политиките на информирање , и онаму каде што е релевантно, да се справи со било кои постоечки неусогласености со овие политики, истовремено превенирајќи идни неусогласување со Банката.

Ве молиме посетете ја веб страната за Механизми за проекти кои можеме да ги финансираме, за да дознаете како да доставите поплака преку доверливиот образец достапен онлајн, директно преку електронска адреса, онлајн

електронска адреса или телефон. НМПП Ви стои на располагање за да разговара за Вашата загриженост околу оваа проблематика и да одговори на било кое прашање околу доставување или справување со поплаките, а е согласно Политиката за финансирање на проект и Упатствата. Идентитетот на доставувачите на поплаката може да се чува како доверлив, доколку истото е побарано од  подносителот на поплаката.